*Полициските службеници* на границат а **се должни** целосно да го почитуваат човековото достоинство, и не смеат да прават дискриминација

***Дискриминација*** е секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа;

Полицискиот службеник на граничен премин е овластен:

- да побара валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница,
- да го утврди идентитетот на лицето кое има намера да ја премине државната граница,
- да провери дали се исполнети условите за влез и излез од Република Македонија утврдени со закон
,- да даде упатства и наредби со цел за непречено и брзо одвивање на граничните проверки,
- да ја провери валидноста на патниот документ
- доколку постојат индиции, односно основи за сомневање за сторено кривично дело или прекршок, да изврши гранични проверки на втора линија што подразбира и преглед или претрес на лицето, предметите и превозното средство што истото ги поседува,
- да изврши проверка на отпечатоци од прсти и дланки и други биометриски податоци во соодветните евиденции,
- да изврши проверка во оперативните (побарани) и други евиденции и електронски бази на податоци за лица, предмети и превозни средства, и
- да го задржи лицето за време неопходно потребно за извршување на граничните проверки, но не подолго од 24 часа.

Проект: „Борба против бариерите за излез: Македонските Роми на граница“

Институт за европска политика. Скопје

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

НВО „КХАМ“ Делчево
Ул.„Маршал Тито“ бр. 69
nvokhamdelcevo@gmail.com
Khamdelcevo.org.mk
Тел:033/413-695
Моб:071/2015-357

Тираж-500

# Право на еднаквост и слобода на движење и нивна правна заштита

*Устав на РМ, Член 9 став 2*
**Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.**




*Устав на РМ, член 27*

Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.



**Право на слободно движење, напуштање на државата**

Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.

Од 2010 год. МВР почнува да го спречува излезот од дравата на припадниците од ромска националност врз основа на индиции дека иститте ќе го злоупотребат безвизниот режим и ќе бараат азил во земјите на ЕУ. Ова укажува на постоење на системска дискриминација и расно профилирање на Ромите на граничните премини.

***Како да ја препознаеме дискриминацијата на граничен премин***

Кога полицискиот службеник ги поставува / поставуваат прашањата:

-каде патувате и колку време ќе се задржите

-кај кого патувате и со која цел

-дали имате доволно пари за престојот

-дали имате гарантно писмо, покана или хотелска резервација

-дали имате повратен билет

-дали сте вработен, што работите и колкави се доходите

- брачна состојба

- каде се останатите членови од семејството

- дали децата се редовни ученици...

Пред да се врши гранична контрола од службеникот, прво се воочува дали има и други лица кои ја минуваат границата и како се постапува кон нив, а **не се од ромска националност. Ако** потоа ја задржува патната исправа и не се дозволува излез од РМ, полицискиот службеник постапува на нееднаков начин (повредено е правото на еднаквост.

Ако Ви се дозволи излез од РМ, но се постапува со Вас на начин што ќе Ве одвојат од другите патници, кои не се Роми, се работи за дискриминација-повреда на правото на еднаквост.

***Кога сте дискриминирани на граница при обид за излез од државата барате:***

-објаснување за причините

-увид во комјутерскиот систем за постоење на одлука за забрана за излез од РМ

-потпишан записник од службеното лице и од Вас за констатирани неправилности при излез од РМ или да се состави писмена одлука со образложение за причините за недозволениот излез од РМ

-разговор со раководителот на смената или командирот на граничниот премин за објаснување

-Прием и разговор во командата на регионалниот центар за гранична контрола

-поднесувате писмено барање во регионалниот центар за писмен одговор

-поднесувате претставка во внатрешната контрола на МВР и секторот за правни работи со придужна документација која ја поседувате(гарантно писмо, хотелска резервација, билет ,пари)



**Механизми на заштита**

1. *Барање до Уставен Суд* за зашт ит а на слободите и правата
2. *Претставка до Комисијата* за заштита и спречување од дискриминација (писмена или усмена)
3. *Судска заштита*

а) Тужба до месно надлежен суд за повреда на правото на еднаквост (дискриминација и надомест на штета)

Со тужбата може да се бара**:**

**1)** да се утврди дека тужениот го повредил правото на тужителот на еднаков третман, односно дејствието коешто го презел или пропуштил може непосредно да доведе до повреда на правата на еднаквост во постапувањето

**2) да** се забрани преземање дејствија со кои се крши или може да се прекрши правото на тужителот на еднакво постапување, односно да се извршат дејствија со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици;

**3) да** се надомести материјалната и нематеријалната штета причинета со повреда на правата заштитени со овој закон **и**

**4) да с**е објави во медиумите пресудата со која е утврдена повреда на правата на еднакво постапување на трошок на тужениот.

**Законски прописи за регулирање на предметното право**

1. Закон за гранична контрола
2. Закон за заштита и спречување од дискриминација